# *Предговор*

Докторската дисертација со наслов: ***"Проекција на нова мркетинг стратегија за развој на здравствениот туризам во Југозападниот дел на Македонија"*** е структурирана, техничко компјутерски обработена и отпечатена на вкупно 323 страници од А-4 формат. На основниот текст му се посветени 314 страници, а на крајот, на вкупно 9 страници, се наведени користената литература, другите извори на податоци и индекси.

Докторскиот труд покрај неговиот вовед во кој се опишани предметот и целите врз кој се поставени и хипотезите и методологијата на истражување, се претставени и четири глави од кои во првата ке се опишат основите на маркетинг - менаџментот како и неговите функции, елементи и видови се со цел да се повтори кои се оние стратегии за стратешкото управување со маркетингот во туристичките услуги. Во втората се состојбата и развојот на туризмот во Република Македија, стратешки предности и недостатоци на туризмот во Југозападниот дел - со посебен осврт на Мавровскиот регион како и инвестиционата стратегија и предлог за стратешко -туристичко позиционирање на овој регион. Додека во третата глава за проекциона стратегија за акционен план на здравствениот туризам во Југозападниот дел на Македонија. За маркетинг планот на стратешки пристап, се дава детална слика како истиот треба да се спроведе и како влијае врз квалитетот на туристичките услуги. Во последната глава се претставува влијанието на стратешкиот интегриран маркетинг врз здравствениот туризам, со помош на SERVQUAL моделот и со статистички модели и анализи, главно се прифаќат дадените хипотези, за на крај да се резимира трудот со изведен заклучок.

Во оваа прилика сакам да изразам задоволство и благодарност за успешната соработка со менаџерите и вработените во хотелите и другите туристички установи во Мавровскиот регион.

Исто така, им се заблагодарувам на целиот персонал на Економскиот Факултет на ДУТ, кои ми помогна во самата припрема и изработка на овој докторски труд .

И, на крај ја користам оваа прилика особено да му се заблагодарам на мојот ментор **Проф. Д-р. Софронија Миладиноски**, за помошта во концептуалното формулирање на темата, како и на членовите на Комисијата за нивната искрена посветеност и помош при изработка на мојата дисертација и воопшто на сите вработени во ФТУ - Охрид, без чија помош, не можеше овој труд да ја добие својата вредност.

Охрид, 2013 Авторот